Бр./Nr 12-788/2
26-07-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-788/1 од 19.02.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што се работи за документација, во случајот, Налози за извршување издадени од извршител од надлежен суд и истите се спроведени согласно Законот за извршување (член 149).

Предметот со број 12-788/1 од 19.02.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 19.02.2024 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата и судирот на интереси поднесена е пријава-укажување со наводи против службени лица вработени во -------- ---- ----- - и -------- ---- ----- - со сомнение за можна злоупотреба на службена положба и злосторничко здружување при работењето, при што оформи предмет број 12-788/1 од 19.02.2024 година.

Се посочува дека предметно барање кое требало да биде предмет на извршување на доверителот односно судот и истото да се проследи преку Управата за јавни приходи, било спроведено преку извршител. Укажува дека ова не е единствен случај туку станува збор за масовна појава во судовите каде вработените преку одбрани извршители со кои се во тесна корелациска врска каде со злосторничко здружување остваруваат значително поголем финансиски приход, а сето тоа на штета и товар на граѓаните.

Се истакнува дека за конкрениот случај водена е судска постапка во која е донесена судска Пресуда со број ПРКбр.19409/07-0 од 17.06.2008 година, на -------- ---- ----- при што издаден е налог за извршување на побарување по сметка кај банка врз основа на член 137 став 1 од Законот за извршување. Извршителот на 18.02.2020 година, има донесено заклучок врз основа на член 29 став 1 и член 93 од Законот за извршување, со кој го има запрено извршувањето спрема должникот поради што долгуваниот износ на име паушални трошоци според пресудата 19409/07-0 од 17.06.2008 година, на -------- ---- ----- е наплатен од должникот врз основа на Решение за присилна наплата на парични средства на Министерстовото за финансии- Управа за јавни приходи- Скопје.

По разгледувањето на предметните наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај пријавените наводи во пријавата - укажување не содржи елементи на надлежно постапување од причина што се работи за документација, односно во случајот, Налози за извршување издадени од извршител од надлежен суд и истите се спроведени согласно Законот за извршување (член 149) .

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: м-р Ц.Р. Член на ДКСК

Доставено до
-подносителот на пријавата